# АМЕРИКАНЦИТЕ ОД АНСАБЛОТ „ТОМОВ“ - ВЉУБЕНИЦИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ФОЛКЛОР



### ФОЛКЛОРНИОТ АНСАМБЛ „ТОМОВ“ ОД ЊУЈОРК ВО МОНОГРАФИЈАТА „ТОМОВ“ ОД СЛАВЕ КАТИН

Ансамблот „Томов“ од Њsјирк предводен од видниот македонски иселеник Џорџ Томов беше составен исклучително од Американци, ентузијасти, играорци, пејачи и музичари, а само уметничкиот директор и кореограф беше Македонец. Ѓорѓи (Џорџ) Томов, кој беше меѓународен професор и бард на историјата на македонскиот танц и на ората, што се основа на нашата цивилизациска меморија, ги преплави светските фестивали и сцени со својата бесконечна љубов и стана легенда на македонската дијаспора и на македонската интернационална судбина.

Симболиката сакаше, кога владата на САД го формираше „Музејот на емиграцијата” на Елис Ајланд, каде што доаѓаа многубројните емигранти во новиот свет, токму неговото име да биде гравирано во вечноста на светската меморија: Џорџ Томов - Македонија, бидејќи тој го научи целиот свет да игра на македонски.

Тој беше прочуен фолклорист, етнолог, кореограф, скулптор, или како често го нарекуваат амбасадор на македонската култура. Тој го формира Ансамблот за народни игри и песни „Томов” од Њујорк, во 1974 година, со цел на американскиот контитент да ги прикажуваат богатите игри и песни од Балканот, посебно од Македонија.

Ансамблот за народни игри и песни “Томов” со успех работеше во велеградот Њујирк. Ансамблот е формиран 1974 година со цел да ги прикажува на американскиот континент богатите игри и песни од Балканот, посебно од Македонија. Тој беше составен исклучиво од Американци, ентузијасти, играорци, пејачи и музичари, а само уметничкиот директор и кореограф беше Македонец.

Тоа беше единствен ансамбл во светот од ваков вид. Поголем број од членовите по занимање се професори, инженери, научници, кои своето слободно време го посветувале на убавите игри и песни од богатата македонска и балканска фолклорна традиција. Оригиналните игри на ансамблот “Томов” и’ се познати на македонската јавност уште од 1979 година, кога првпат американските играорци со успех гостуваа во Република Македонија.

Ансамблот “Томов” во своето постоење има постигнато огромни резултати околу ширењето на македонската култура. Секоја година одржуваше од 6 до 14 концерти во

најпознатите светски сали: „Карнеги хол“ и „Линколн центарот“ во Њујорк, во Бостон, Вашингтон, Чикаго и во многу други поголеми и помали градови во САД и во Канада; настапил на повеќе телевизиски станици во САД; учествувал и на свеченото отворање и затворање на Зимските олимписки игри во Лејк Плесид во 1984 и на специјалистичкиот концерт за свеченото отворање на Елис Исланд 1990, но и на многу фолк фестивали во Америка.

Најпознатите весници: “Њујорк тајмс”, “Денс магазин”, “Дејли њуз”, “Ривердејл прес”, “Денс ривју”, “Балерт њуз”, “Д'тајмс хералд”, “Артс” и други без исклучок давале највисоки оценки за кореографијата, беспрекорната техника на изведување и одушевувањето кое го предизвикува Ансамблот со сите изворни ора и песни од Македонија, а посебно со “Невестинското”, “Калајџиското” и др.




Ансамблот “Томов” гостувал во Македонија, на сите фолклорни фестивали и пошироко на бившите југословенски простори, и тоа: 1974, 1975 и 1983 на Балканскиот фестивал во Охрид; 1976, 1977, 1979 на “Илинденските денови” во Битола; 1975 и 1976 на Смотрата на фолклорот во Загреб; 1975 на Дубровничките летни игри; 1981 и 1989 година на “Скопското лето” во Скопје и 1991 на Семинарот за фолклор во Струга. Неговата активност била активно следена и од македонските јавни медиуми.

Уметничкиот директор и кореограф Џорџ Томов, пак, е роден во Струмица на 18 март 1933 година, а починал на 5 август 2008 година во Веин, Њу Џерси, САД. Ѓорѓи (Џорџ) Томов завршил Средно техничко училиште – шумарски смер во Скопје. Во 1955 година станал член на Државниот ансамбл за народни песни и игри „Танец” од Скопје, како играч и пејач и бил активен до 1962 година.

Во тој период, „Танец”, добил Златна плакета во Ланголен и важи за еден од најдобрите ансамбли, така што Ѓорѓи Томов ја искористи можноста да оди на многу гостувања: во Германија, Албанија, Франција, Италија и во Швајцарија, а повеќе пати и насекаде низ поранешна Југославија.

Во 1960 година Ѓорѓи Томов се запишува на Вишата педагошка академија во Скопје – отсек вајарство, поради изразената дарба за ликовни уметности и успешно ги

завршува студиите. Во март 1963 година заминал во Париз и работел и студирал вајарство кај познатиот професор Родригез. Но, земјотресот во Скопје, во јули 1963 година, му го прекинал престојот во Париз поради потребата од помош и сместување на семејството во Скопје.

Тој продолжил да работи во Белград, во Управата за градско зеленило, а од мај 1964 година одлучил да ја прифати понудата на хрватскиот ансамбл за народни песни и игри „Ладо" од Загреб како член - играч и пејач. Од јуни 1964 до октомври 1967 година постојано е ангажиран во „Ладо" и остварува многу гостувања низ сите европски земји, во САД и Канада.

Во мај 1967 година, за време на гостувањето на „Ладо" во САД, Ѓорѓи Томов одлучил да остане во Њујорк поради познанството и професионалните контакти со еден од најдобрите њујоршки менаџери за класична музика Алберт Кеј и финансиската помош која му ја понудува неговиот стар пријател Луис Симончич. Се вработил кај Алберт Кеј како негов секретар, а потоа и соработник. Тој му помогнал да направи кариера во областа на фолклорот на американско тло, уште повеќе запознавајќи ја Македонија преку сѐ она што му ја претставува младиот Македонец.

Во 1968 година соработувал и со Фолклорниот институт во Скопје и стручно се подготвувал да оформи свој ансамбл за народни песни и игри како единствена група за балкански фолклор во Њујорк и цела Источна Америка. Официјално, во 1974 година го оформил ансамблот под името „Томов", со комплетна негова кореографија и оригинални народни носии, а Ѓорѓи бил уметнички директор, кореограф и главен инструктор на ансамблот кој бил специфичен и единствен како негова идеја.

Во исто време, Ѓорѓи Томов станал коорганизатор и активен уметнички раководител на Ансамблот „Гоце Делчев" при Македонската православна црква „Свети Кирил и Методиј" од Пасаик – Њу Џерси. Исто така, станува коорганизатор на Здружението „Советот за словенското културно наследство во Америка", каде бил претставник на Македонците и член на Управниот одбор како уметнички директор.

Од 1969 година предавал македонски и општојугословенски фолклор во поголем број универзитети и колеџи во САД и Канада (повеќе од 80). А од 1975 до 1982 година отворил и водел меѓународна школа за фолклор. Од 1984 година бил постојан предавач на македонски фолклор во Експерименталната програма на школскиот систем во државата Њујорк каде што биле вклучени деца од прво до осмо одделение. Во 1975 година го отворил своето Фолклорно студио на Петтата авенија во Њујорк, за уште поголемо популаризирање на македонскиот фолклор.

Во текот на неговата долга општествена дејност на полето на културата во новата средина, Томов беше добитник на повеќе значајни признанија и награди. Во второто издание на Маркисовиот „Кој е кој во Америка", во делот „Кој е кој во изведувачката дејност" е вклучено и името на Ѓорѓи Томов (Џорџ Томов) како личност од посебно значење за развојот и современиот растеж на САД.

Потоа беше добитник на наградата „Ѕвезда на хармонијата" на Организацијата „Обединети нации", на Конгресното признание на државата Њу Џерси, како и на бројни институции и асоцијации во САД и Република Македонија.

Но, се чини дека во биографијата на истакнатиот Македонец - Ѓорѓи (Џорџ) Томов со златни букви е забележана 2005 година, кога за својот голем придонес во американското општество го добил највисокото признание во САД, Медалот на честа „Елис Ајленд", кој е траен симбол на емигрантските корени и различноста кои ја карактеризираат големата американска нација. Ова општествено признание за првпат беше доделено на Македонец за неговото автентично презентирање на македонската култура во САД. Меѓу досегашните добитници на Орденот на честа се шест претседатели на САД и извесен број многу познати и признати Американци.

.



*Георги со македонски играорци пред манастирот „Св. Ѓорѓи“*

Ансамблот „Томов”, во своето постоење имал постигнатно огромни резултати околу ширењето на македонската култура. Секоја година одржувал од 6 до 14 концерти во најпознатите светски сали: Карнеги хол и Линколн центарот во Њујорк, во Бостон, Вашингтон, Чикаго и многу други поголеми и помали градови во САД и Канада; настапувал на повеќе телевизиски станици во САД; учествувал на свеченото отворање и затворање на Зимските олимписки игри во Лејк Плесид, во 1984 година, и на специјалистичкиот концерт за свеченото отворање на островот Елис во 1990 година; има учествувано и на многу фолк-фестивали во Америка.

Најпознатите весници: „Њујорк тајмс”, „Денс магазин”, „Дејли њуз”, „Риверсајд прес”, „Денс ривју”, „Балерт њуз”, „Д´тајмс хералд”, „Арте” и други, кои, без исклучок, уште од 1974 година давале највисоки оценки за кореографијата, беспрекорната техника на изведување и одушевувањето кое го предизвикувал ансамблот со сите изворни ора и песни од Македонија, а посебно со „Невестинското”, „Калајџиското”...

Во Македонија Ансамблот гостувал на сите фолклорни фестивали и пошироко на бившите југословенски простори и тоа: на „Балканскиот фестивал” во Охрид, „Илинденските денови” во Битола, „Фолклорната смотра” во Загреб, „Дубровничките летни игри” во Дубровник, „Скопско лето” во Скопје и на Семинарот за фолклор во Струга. Неговата активност била проследена во македонските медиуми: „Нова Македонија”, „Вечер” и „Македонија” (списание за иселениците); како и повеќе интервјуа на Ѓорѓи Томов биле објавувани на Македонското радио и во многу други информативни гласила во поранешна Југославија.

Ѓорѓи Томов работел на кореографија и за други ансамбли и театарски претстави: за Ансамблот „Живели” од Колумбос, Охајо; за Ансамблот „Свадба” од Питсбург; Негова беше кореографијата на балетот за оперетата „Царојевичи” од Франц Лехар во Линколн центарот во Њујорк за „Виенската оперетска компанија од Америка”. Учествувал во кореографијата за завршните свечености за прославата на стогодишнината на Америка. Во 1995 година, во Австралија давал стручна помош на иселеничките фолклорни друштва во Сиднеј, Мелбурн, Перт

Исто така, македонскиот иселеник Ѓорѓи Томов уште во 1968, 1969 и 1970 година изработил скулптури во Њујорк – портрети и фолклорни мотиви, лиени во бронза, од

кои една му била искористена како заштитен знак, а има свои дела и кај многу колекционери во САД; има две бисти - коњи поставени пред Зоолошката градина во Њујорк и на други места.



*Ансамблот „Томов“ на Олимписките игри*

За одржување и истакнување на македонскиот национален дух во иселеништвото Ѓорѓи (Џорџ) Томов се зафатил со основање на повеќе друштва: Во 1968-1969 година во Њујорк бил еден од организаторите на „Македонското друштво”; бил коорганизатор и прв претседател на „Движењето за македонски човекови права” од 1987 до 1994 година, за државите Њујорк и Њу Џерси и цела Североисточна Америка.

Активно учествувал во сите доброволни акции за национално потврдување и признавање организирани во црковните општини во Пасаик, Њу Џерси и во Њујорк, учествувал во протестни митинзи, а испратил бројни писма и телеграми за признавање на независноста на Македонија до претседателот Буш и Џејмс Бејкер и бил и делегат на Првиот светски македонски конгрес што се одржа во Скопје, во 1992 година.

Како член на „Емигрантската културна организација на Обединетите нации” во Њујорк уште од 1985 година правел постојана поставка на „Македонска соба” во Музејот на Обединетите нации со свои оригинални македонски носии, накит и предмети за домаќинство, додека во 1991 година го вклучува Ансамблот „Гоце Делчев” при Македонската православна црква „Свети Кирил и Методиј” од Њу Џерси за првпат како претставник на Македонија како посебна нација на Етничката парада која традиционално се одржува на Шестата авенија во метрополата Њујорк.

За ансамблот “Томов” Славе Катин има отпечатено Монографија која во исто врме претставува огледало за познатиот и признат фолклорист, етнолог, кореограф, скулптор, или како често гонарекуваат амбасадор на македонската култура, традициите и вистината за Македонија и македонскиот народ - Ѓорѓи (Џорџ) Томов. Оваа значајна и по многу нешта единствена двојазична монографија од овој вид претставува осврт за ликот и делото на Џорџ и за вистината за американски ансамбл „Томов” од Њујорк.

На 17 мај 2007 година, во просториите на Домот на армијата на Република Македонија (АРМ), се одржа промоција на монографијата “Томов”. Автор на ова двојазично дело (на македонски и на англиски јазик) е познатиот истражувач на Македонците во дијаспората, новинар и публицист Славе Николовски - Катин, а делото го издаде Книгоиздателството “Македонска искра” од Скопје.

Пред големиот аудиториум во Домот на АРМ, меѓу кои беа поглаварот на МПЦ

архиепископо Стефан, митрополитот Кирил, поранешниот претседател Киро Глигоров и многу други познати личности од јавниот, културниот и политичкиот живот во Македонија книгата ја претстави рецензентот Вера Стојчевска-Антиќ, поранешниот претседател на Матицата на иселениците од Македонија проф.д-р Димитар Керамичиев и директорот на националниот ансамбл "Танец" м-р Бошко Тренески.

Монографија "Томов" од Славе Катин претставува огледало за познатиот и признат фолклорист, етнолог, кореограф, скулптор, или како често го нарекуваат амбасадор на македонската култура, традициите и вистината за Македонија и македонскиот народ - Ѓорѓи (Џорџ) Томов. Оваа значајна и по многу нешта единствена двојазична монографија од овој вид претставува осврт за ликот и делото на Џорџ и за вистината за неговиот американскиот ансамблот "Томов" од Њујорк.



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**